Врз основа на член 110, став 1, точка 13 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/18), Наставно-научниот совет на Фкултетот за ветеринарна медицина во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана на 26.12.2018 година, донесе

# О Д Л У К А
## за научно и стручно оспособување на вработените на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредуваат начинот и формата на организирање на научното и стручното оспособување на вработените наставно-научни и научни работници и соработници, како и на вработените од Стручната и административна служба на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (во натамошниот текст: вработени на Факултетот) при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**Член 2**

Научното и стручното оспособување е право и должност на секој вработен на Факултетот, со цел постојано усовршување и развивање на вештините и стекнување нови стручни знаења за поуспешно и поквалитетно извршување на работните задачи од делокругот на работата на вработените.

**Член 3**

Под научно и стручно оспособување се подразбира:

- учество на докторски студии;
- студиски престој, односно истражување во соодветната научна област;
- учество на научни и стручни обуки, курсеви, работилници и сл.;
- учество на конференции, конгреси, научни и стручни собири, семинари и сл.;
- објавување трудови во меѓународни научни и стручни списанија со фактор на влијание;
- набавка на научна и стручна литература и членарина во стручни организации и здруженија.

Научното и стручното оспособување може да биде во земјата и во странство.

**Учество на докторски студии**

**Член 4**

На вработен на Факултетот кој се запишал на трет циклус - докторски студии на Факултетот му се надоместуваат средствата што се уплаќаат за настава на Факултетот, за менторот, за комисиите и за делот што се уплаќа за Факултетот, поради вклученост во процесите за стручна и научноистражувачка работа на Факултетот, како и ангажираност за изведување на активности поврзани со помагање во практичната настава, односно подготовки на материјали и помошни средства за изведување на практичната настава, помагање во експерименти и работа со експериментални животни и сл.

По барање на членовите на соодветната катедра и доколку со актите за работните места на Факултетот е утврдено слободно место со назив за звањето од соодветната област за извршување на работните задачи и обврски на катедрата, како и со донесена предлог-одлука на советот за докторски студии од соодветната студиска програма, за надоместок на средства за упис на докторски студии, согласност и одобрение дава Наставно-научниот совет на Факултетот.

**Член 5**

На вработен запишан на докторски студии на кои му се надоместуваат средствата согласно со оваа Одлука,

Факултетот склучува договор за уредување на заемните права и обврски.

Вработениот на кој му се надоместуваат средствата согласно со членот 4 од оваа Одлука, се обврзува да остане во редовен работен однос од најмалку 10 (десет) години на Факултетот, во спротивно, должен е на Факултетот да му ги врати исплатените средства.

**Студиски престој, односно истражување во соодветната научна област**

**Член 6**

На вработен на Факултетот избран во наставно-научно, научно и соработничко звање, на негово барање, на секои пет години, Факултетот може да му одобри платено отсуство во траење до една година, односно неплатено отсуство во траење до три години заради стручно усовршување, односно истражување во соодветната научна област во соодветна институција или за студиски престој, при што неговите обврски во наставата и апликацијата се прераспределуваат.

По барање на вработениот и по мислење на соодветната катедра, за работите наведени во ставот 1 на овој член, согласност и одобрение дава Наставно-научниот совет на Факултетот.

**Член 7**

Вработениот кој е упатен на стручно и научно оспособување, согласно со членот 6, има право на дел од плата, и тоа:

- за отсуство од работа до 15 дена му се исплаќа 100 % од утврдената плата;
- за отсуство од работа до 30 дена му се исплаќа 90 % од утврдената плата;
- за отсуство од работа до 90 дена му се исплаќа 80 % од утврдената плата;
- за отсуство од работа до 180 дена му се исплаќа 70 % од утврдената плата;
- за отсуство од работа до 1 година му се исплаќа 50 % од утврдената плата;
- за отсуство од работа над 1 година, на вработениот не му следува плата и тоа му се смета како неплатено отсуство.

**Член 8**

Вработениот упатен на стручно и научно оспособување, согласно со член 6, должен е по неговото завршување да поднесе извештај за својата работа и за резултатите што ги постигнал.

Извештајот треба да се поднесе во писмена форма до Наставно-научниот совет на Факултетот во рок од 30 дена по враќањето, односно најдоцна до одржувањето на првата наредна седница.

**Научни и стручни обуки, курсеви, работилници и сл.**

**Член 9**

На вработен на Факултетот, за учество на научни и стручни обуки, курсеви, работилници и сл., во текот на една календарска година може да му се одобри користење на парични средства за надомест на трошоци во висина на износот на трошоците, но не повеќе од 700 евра во денарска противвредност.

За барањето на вработениот и по предлогот на раководителот на институтот или клиниката, за активности поврзани со овој член, согласност и одобрение дава Деканатската управа на Факултетот за отсуства до 30 работни дена во текот на една календарска година.

Отсуствата подолги од оние утврдени во ставот 2 на овој член ги одобрува Наставно-научниот совет на Факултетот, при што неговите обврски во наставата и апликацијата се прераспределуваат.

**Член 10**

Вработениот, за учество на научни и стручни обуки, курсеви, работилници и сл., има право на надоместок на трошоците само за учеството кое вклучува патни и дневни трошоци, сместување и трошоци за котизација.

Вработениот кон барањето за надоместување на трошоците, како доказ е должен да приложи:

- патни трошоци (авионски или автобуски билет, односно билет од воз од реализираното патување), а кога

вработениот користи сопствено возило, му се исплаќа надоместок во висина на автобуски билет и патарини;
- потврда за остварено хотелско сместување;
- потврда за висината за котизација.

Без доставување на наведените докази, на вработениот не му следува надоместок за покривање на трошоците.

Вработениот, по завршувањето на настанот, должен е да поднесе извештај во писмена форма до Деканатската управа и до Наставно-научниот совет на Факултетот во рок од 30 дена по враќањето, односно најдоцна до одржувањето на првата наредна седница.

Вработениот на кој му биле одобрени парични средства за учество на научни и стручни обуки, курсеви, работилници и сл., се обврзува да остане во редовен работен однос на Факултетот најмалку уште 1 (една) година, во спротивно, должен е на Факултетот да му ги врати исплатените средства.

**Член 11**

Вработениот, со доставувањето на барањето, треба да потпише и изјава дека не користел парични средства од Факултетот и/или од други институции во земјата и во странство за соодветна намена за научното и стручното оспособување во тековната календарска година за учество на научни и стручни обуки, курсеви, работилници и сл. (Прилог 1 на оваа Одлука).

**Конференции, конгреси, научни и стручни собири, семинари и сл.**

**Член 12**

На вработен на Факултетот, за учество на конференции, конгреси, научни и стручни собири, семинари и сл., со труд или апстракт, со усна или постерска презентација, еднаш во текот на една календарска година може да му се одобри користење на парични средства за надомест на трошоци за учество во висина на износот на трошоците, но не повеќе од 300 евра во денарска противвредност.

**Член 13**

По исклучок на членот 12, на вработен на Факултетот, за учество на конференции, конгреси, научни и стручни собири, семинари и сл., со труд или апстракт, со усна презентација или пленарно предавање, еднаш во текот на една календарска година може да му се одобри користење на парични средства за надомест на трошоци за учество во висина на износот на трошоците, но не повеќе од 1200 евра во денарска противвредност.

Вработениот, за да го искористи правото на паричен надоместок од овој член, задолжително мора да објави еден труд како прв или последен автор во списанието „Македонски ветеринарен преглед“ во тековната година за која се однесува барањето.

Кон барањето се доставува копија од објавениот труд.

Доколку за исплата на паричен надоместок од став 1 на овој член бараат и првиот и последниот автор за ист објавен труд во списанието „Македонски ветеринарен преглед“ во тековната година за која се однесува барањето, право на исплата има само првиот или последниот автор.

**Член 14**

На барање на вработен на Факултетот, за активности поврзани со членот 12 и членот 13 од оваа Одлука, согласност и одобрение дава Деканатската управа на Факултетот.

**Член 15**

Вработениот, за учество на конференции, конгреси, научни и стручни собири, семинари и сл., има право на надоместок на трошоците само за учеството кое вклучува патни и дневни дрошоци, сместување и трошоци за котизација.

Доколку на настанот учествуваат двајца или повеќе коавтори, надоместокот се исплаќа само за еден член - коавтор.

Вработениот кон барањето за надоместување на трошоците, како доказ е должен да приложи:
- патни трошоци (авионски или автобуски билет, односно билет од воз

од реализираното патување), а кога вработениот користи сопствено возило, му се исплаќа надоместок во висина на автобуски билет и патарини;
- потврда за остварено хотелско сместување;
- потврда за висината за котизација;
- еден од следниве материјали: зборник на трудови, официјално ЦД, УСБ или друг носач на електронски запис, издаден од организаторот на конференцијата или веб-страница на која е хостирана on-line library со трудовите од конференцијата.

Без доставување на наведените докази, на вработениот не му следува надоместок за покривање на трошоците.

Вработениот, по завршувањето на настанот, должен е да поднесе извештај во писмена форма до Деканатската управа и Наставно-научниот совет на Факултетот во рок од 30 дена по враќањето, односно најдоцна до одржувањето на првата наредна седница.

Вработениот на кој му биле одобрени парични средства за учество на конференции, конгреси, научни и стручни собири, семинари и сл., се обврзува да остане во редовен работен однос на Факултетот најмалку уште 1 (една) година, во спротивно, должен е на Факултетот да му ги врати исплатените средства.

**Член 16**

Вработениот, со доставувањето на барањето, треба да потпише и изјава дека не користел парични средства од Факултетот или од друга институција од земјата или од странство за научното и стручното оспособување за соодветна намена во тековната календарска година, за учество на конференции, конгреси, научни и стручни собири, семинари и сл. (Прилог 1 на оваа Одлука).

**Објавување трудови во меѓународни научни и стручни списанија со фактор на влијание**

**Член 17**

На барање на вработен на Факултетот, чијшто труд е објавен во меѓународни научни и стручни списанија со фактор на влијание од листа на Web of Science, како прв или последен автор му се исплаќа надоместок во висина од 200 евра во денарска противвредност.

На барање на вработен на Факултетот, чијшто труд е објавен во меѓународни научни и стручни списанија со фактор на влијание од листа на Web of Science, како коавтор му се исплаќа надоместок во висина од 100 евра во денарска противвредност.

Доколку трудот е од повеќе автори (коавторство), надоместокот за објавен еден труд се исплаќа во утврдената висина само за еден автор или еден коавтор.

На вработениот му се исплаќа паричен надоместок за труд објавен во меѓународни научни и стручни списанија до двапати во текот на една календарска година и тоа за објавен различен труд, односно различни трудови во претходната календарска година.

Согласност и одобрение за исплаќање на надоместок за објавување трудови во меѓународни научни и стручни списанија дава Деканатската управа на Факултетот.

**Член 18**

Под меѓународни научни и стручни списанија се подразбираат списанија од соодветната област со фактор на влијание и се дел од листата на Web of Science.

Вработениот кон барањето во врска со член 17 од оваа Одлука, за објавен труд во меѓународни научни и стручни списанија, како доказ е должен да го приложи списанието или печатена верзија од трудот со првите страници од списанието во кое е објавен неговиот труд заедно со информацијата за факторот за влијание за годината кога е објавен трудот.

Доколку меѓународните научни и стручни списанија не се во печатена форма, вработениот е должен да достави ЦД, УСБ или друг носач на електронски запис од комплетното меѓународно научно и стручно списание.

**Член 19**

Вработениот, со доставувањето на барањето, треба да потпише и изјава дека за

истиот труд, подносителот на барањето/авторот или кој било друг коавтор не користел парични средства од други институции во земјата и во странство, односно од Факултетот (Прилог 2 на оваа Одлука).

**Член 20**

Меѓународните научни и стручни списанија што ќе бидат доставени остануваат во сопственост на Факултетот и тие претставуваат дел од книжниот фонд на Библиотеката на Факултетот.

**Набавка на научна и стручна литература и членарина во стручни организации и здруженија и сл.**

**Член 21**

На барање на катедра на Факултетот може да се одобрат наменски средства во висина до 200 евра за набавка на соодветна стручна литература преку Библиотеката на Факултетот, еднаш во годината.

На барање на вработен на Факултетот може да се покриваат наменски средства во висина до 100 евра за уплата за членарина во стручни организации и здруженија, еднаш во годината.

Согласност и одобрение за набавка на соодветна научна и стручна литература и членарина во стручни организации и здруженија дава Деканатската управа на Факултетот.

**Член 22**

Литературата што ќе биде набавена останува во сопственост на Факултетот и претставува дел од книжниот фонд на Библиотеката на Факултетот.

**Стручно оспособување на вработените од Стручната и административна служба**

**Член 23**

На барање на вработен во Стручната и административна служба на Факултетот може да му се признаат трошоците за стручни усовршувања, што е во функција на работното место.

Согласност и одобрение за стручното оспособување дава Деканатската управа на Факултетот.

Вработениот во Стручната и административна служба на Факултетот, по завршувањето на стручното оспособување, должен е да поднесе извештај во писмена форма до Деканатската управа на Факултетот во рок од 30 дена по враќањето, односно најдоцна до одржувањето на првата наредна седница.

**Член 24**

Вработен на Факултетот може да користи исплата на надоместок за трошок согласно со членовите 9, 12 или 13 од оваа Одлука, исклучиво само за една наведена активност во текот на една календарска година.

По исклучок на ставот 1 од овој член, со образложен писмен предлог на раководителот на институтот или клиниката за активностите поврзани со членот 9 од оваа Одлука, а со цел унапредување на работата на внатрешната единица на Факултетот, Деканатската управа може да одобри користење на дополнителни парични средства за повеќекратен надомест на трошоци во годината.

**Член 25**

Исплатата на надоместоците од оваа Одлука ќе се реализира доколку се обезбедени средства за оваа намена од сметката за самофинансирачките активности на Факултетот.

**Член 26**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во *Универзитетски гласник*.

**Декан**
**Проф. д-р Л азо Пендовски, с.р.**

**Прилог 1**

**И З Ј А В А**

Јас, долупотпишаниот/та, ______________________ (име и презиме), вработен/а како _________________ (звање или позиција) на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, под полна морална и материјална одговорност изјавувам дека не сум користел/а парични средства од Факултетот и/или други институции од земјата или од странство за соодветната намена за _____________________________________________ (научно и стручно оспособување) во тековната ______ календарска година.

Изјавил
(име и презиме и потпис)

**Прилог 2**

**И З Ј А В А**

Јас, долупотпишаниот/та, ______________________ (име и презиме), вработен/а како _________________ (звање или позиција) на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, под полна морална и материјална одговорност изјавувам дека како подносител на барањето/автор на трудот или кој било друг коавтор од трудот не сме користеле парични средства од Факултетот и од други институции во земјата или во странство за објавување на трудот со наслов: ________________________________________________________________________, објавен во списанието ________________________ во тековната ______ календарска година.

Изјавил
(име и презиме и потпис)